enterprise europe network

Мрежа на бизнис можности

# Подобрен пристап до извори за финасирање

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА
НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Подобрен пристап до извори за финасирање

Најсериозниот проблем со кој се соочуваат малите и средни претпријатија во Европската Унија е пристапот до соодветни извори за финасирање. Инвеститорите и банките честопати се воздржуваат од финасирање на новоформираните претпријатија и мали бизниси поради нагласеното присуство на ризикот. Во исто, време и претпријатијата недоволно ги разбираат стравувањата на банките, што доаѓањето до потребната финсиската поткрепа го прави уште потешко. За таа цел, Европската Комисија имплементира бројни програми кои директно се наменети за подобрување на финасиското опкружување за МСП во Европа.

### Што превзема Европска Комисија?

Со оглед на фактот дека финасиските пазари не успеваат да ја обезбедат потребната финансиска поддршка за МСП, Европската Комисија активно го помага инвестирањето во почетни бизниси, а средствата се дистрибуираат преку финансиските институции, најчесто банките. Просечно, на секое евро потрошено од буџетот на ЕУ приватните инвеститори треба да бидат во можност да обезбедат 6 евра т.н „ризичен капитал“ или банките да обезбедат вредност на заем од 50 евра.

**Финансиските инструменти**, поддржани со буџетот на Унијата, покриваат различни потреби на малите и средни претпријатија, без разлика дали се работи за почетни или веќе постоечки компании:

- ***Финасиска поддршка*** дополнителен капитал за брзорастечките и инова тивни компании во нивната рана фаза или фазата на експанзија
- ***Гарантна поддршка*** гарантни шеми заради зголемена сигурност за банките, охрабрувајки ги на тој начин да им стават на располагање повеќе средства за кредитирање за малите и средни претпријатија
- ***Микрокредитите***, заеми во износ помал од 25 000 евра
- ***Мезанин финансирање*** можност долгот на компанијата корисник да се претвори во сопственост или акционески капитал за давателот, кога постои неможност од враќање на заемот навремено или во целост

**Европската Инвестициона Банка - EIB**, го проширува начинот на кој ги поддржува малите и средни претпријатија преку поедноставување на своите механизми на финасирање, правејки ги потранспарентни и подобро насочени кон конкретните потреби на малите бизниси насекаде во Европа. ***Дополнителни средства*** како и ***повеќе видови на финасиска поддршка - вклучувајќи ги мезанин финансирање, гаранциите и микрокредитите*** ќе им бидат ставени на располагање на малите и средни претпријатија со постојано прилагодување на специфичните локални услови и конкретните потреби на компаниите.
Кредитот од Европската Инвестициона Банка достапен е и за компаниите од Република Македонија преку ***Македонската банка за поддршка на развојот***. Вкупната вредност на кредитот изнесува ***100.000.000 ЕУР*** и се состои од три производи: ***Инвестициски кредит за МСП, Кредит за трајни обртни средства и Кредит за приоритетни проекти.*** Повеќе информации за оваа кредитна линија, намената на одделните производи, висина на кредитот и условите на отплата, може да се добијат на веб страницита на Банката:
http://www.mbdp.com.mk/mbdp.php?page=EIB_kredit

Европската Инвестициона Банка, исто така го проширува своето делување и на нови подрачја на финсирање, како што се ***нефинансиските инструменти*** - инвестирање во истражувањето и развој, воспоставување на дистрибутивна мрежа или обезбедување на континуитет на бизнисот и после пензионирање на неговите основачи.

## Подобрување на финансиското опкружување за МСП

За да го подобри финансиското опкружување за МСП, Европската Комисија работи заедно со националните власти на организирање размена на искуства и добри практики помеѓу националните влади. Во таа насока, Комисијата успеала да ги поттикне многуте земји членки на конкретни чекори во правец на подобрување на финансиското опкружувањето за МСП.
Дополнително, Комисијата активно ги поттикнува непосредните меѓусебни контакти и разговори меѓу банкарите и малите и средни претпријатија, со цел да ги идентификуваат и редуцираат бариерите со кои повеќето мали компании се соочуваат во потрагата по извори за финансирање.

***Корисни линкови:***

Европска Инвестициона Банка:
http://www.eib.org

Водич за можностите за финасирање на МСП:
http://ec.europa.eu/enterprise/newsroom/cf/_getdocument.cfm?doc_id=4619

Политиките на ЕУ за пристапот на МСП до можности за финасирање:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/financing/index_en.htm

Европски Финасиски Индекс:
http://ec.europa.eu/enterprise/policies/finance/data/enterprise-finance-index/index_en.htm

cip competitiveness and innovation framework programme 2007 2013

European Commission
Enterprise and Industry


www.apprm.gov.mk
www.een.mk
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu

Kontakt: eiicm@apprm.gov.mk
tel 02 3120132